*44 years of manufacturing excellence*

Hi-Tech Corp. ([www.hitech.com.mk](www.hitech.com.mk)) е водечки европски производител на електронски штампани плочи. Преку посветување на нашите над 200 вработени, се посветуваме на технолошката експертиза и квалитетот на нашите производи кои ги надминуваат очекувањата на нашите клиенти.

А нашите клиенти се едни од најголемите светски брендови. Нашите електронски штампани плочи се применуваат во: CERN акцелератор, Williams Racing и Audi F1 тимовите, Ferrari SF90 и 488, Mercedes AMG, Медицинска индустрија (респиратори, магнетна резонанца, CT), комерцијални сателити, ARRI камери и опрема за видео пренос на Олимписките игри во Париз 2024), авионите Airbus и Boeing, апаратите на Bosch и Siemens...

Во моментов отворено е следното работно место:

# ИНЖЕНЕР ЗА КВАЛИТЕТ

**Опис на работно место:**

- Проценка на квалитет на производите врз основа на мерења извршени за време на производствениот процес;
- Споредување утврдени несогласности на печатените плочки (PCB) со IPC стандардите и одлучува за потребни следни чекори;
- Утврдување корективни мерки поврзани со какви било дефекти што настануваат во производството;
- Спроведување статистичка анализа на причините за дефекти на производот;
- Обработка на барањата/рекламациите на клиентите поврзани со квалитетот на производите;
- Идентификување основни причини за дефекти во соработка со раководителите на соодветните оддели.

**Работни услови:**

- Работа во една смена, од понеделник до петок и секоја втора сабота.

**Што бараме:**

- Универзитетска диплома (ТМФ, ПМФ или други сродни технички факултети);
- Добро познавање на англискиот јазик;
- Проактивеност, подготвеност за работа во динамична средина и одлични комуникациски вештини;
- Способност за детални анализи, идентификација на проблемите и предлагање ефективни решенија.

**Што нудиме:**

- Организиран превоз од Скопје (фабриката се наоѓа во с. Орешани - Зелениково);
- Обезбедена храна;
- Приватно здравствено осигурување за лојални вработени;
- Минимална плата во Hi-Tech Corp. за работни места во Оддел Квалитет е нето 35.000 денари.

Доколку сакате да станете дел од тимот кој работи за најголемите брендови низ целиот свет, доставете кратка биографија на емаил hr@hitech.com.mk најдоцна до 30.09.2025 година.

Hi-Tech Corp. обезбедува еднакви можности за вработување на сите кандидати и води посебна грижа за заштитата на лични податоци и за доверливоста на Вашата апликација.
Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

Со самото аплицирање за работната позиција, вие се согласувате дадените лични податоци да се користат/обработуваат од страна на Hi-Tech Corp. и тоа само за процесот за селекција на кандидатите. Кандидатите можат согласноста за обработка на личните податоци да ја повлечат во секое време со доставување на барање на hr@hitech.com.mk.